Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 29-та седница одржана на 27.07.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-3035/1 од 27.07.2020 година за покренување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје бр.10-3032/1 од 27.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

2. Советот заклучи против Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, радиодифузерот при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-3025/4

27.07.2020 година

С к о п ј е

во 15:08

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ